# ОБУКА ЗА СЕНЗОРНА ИНТЕГРАЦИЈА ПРЕМА AYRES ® ПЕДАГОГИЈА/ SIAT® ЗА СТРУЧНИ ЛИЦА ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА И РАЗВОЈНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

***Оваа објава содржи детали за обуката по Сензорна интеграција во траење од 3 последователни модули кои вклучуваат активно реализирање на 126 ефективни единици во тек на ПЕТНАЕСЕТ работни дена, а кои ќе се одржуваат во организација на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ.***

***Првиот модул е од отворен тип на кој е добродојдено учеството на повеќе стручни профили како окупациони терапевти, специјални едукатори и рехабилитатори, логопеди, психолози, воспитувачи, наставници, и родители. Истиот има за цел да ги прикаже целите и перспективите на применетата Сензорна интеграција. Овој модул е практично ориентиран, а во исто време базиран на изворни и актуелни истражувања од страна на Ајрес Сензорна интеграција.***

***Вториот модул е наменет за окупациони терапевти, специјални едукатори и рехабилитатори, логопеди, психолози и наставници. Во тек на негова реализација стекнатите знаења од првиот модул ќе бидат применети во принципи за практична работа. Во тек на вториот модул практичните приницип ќе се применат во конкретни работни услови и ќе се прилагодат за работа согласно професионалното искуство на учесниците.***

***Третиот модул се одржува на временска дистанца по првите два модула. Причина за истото е стекнување на практични искуства од применетите СИ принципи на учесниците, како и стекнување капацитети за заедничка работа по принципот „анализа на случај" во тек на овој модул.***

## *МОДУЛ 1: ВОВЕД ВО АЈЕРС СЕНЗОРНА ИНТЕГРАЦИЈА*

***5 ДЕНА АКТИВНИ ПРЕДАВАЊА, КОИ СЕ ПРЕДУСЛОВ ЗА ПОСЕТА НА МОДУЛ 2 И МОДУЛ 3***

***Термин 16 - 20.03.2022 година***

***СОДРЖИНА***

*16.03 Среда од 9:00 до 17:30*

Вовед во теоријата на сензорна интеграција I

*17.03. Четврток од 9:00 до 17:30*

Вовед во теоријата на сензорна интеграција II

*18.03 Петок од 9:00 до 16:15*

Невролошка позадина на сензорната интеграција, функционална анатомија и физиологија на сетилата. Саморегулација. Поврзаност на сензорната интеграција со способноста за учење

*19.03 Сабота од 9:00 до 16:15*

Развој на детето (сензомоторен, когнитивен. емоционален)поврзаност на филогенезата и онтогенезата со пречките во учењето и пореметувањата на сензорната интеграција

*20.03 Недела од 9:00 до 16:15*

Дијагностика на пореметувањата на сензорната интеграција – baseline (основна снимка) и други можности

## *МОДУЛ 2: ПРИМЕНА НА СИ ПРИНЦИПИ ВО ПРАКСА*

***5 ДЕНА АКТИВНИ ПРЕДАВАЊА, КОИ СЕ ПРЕДУСЛОВ ЗА ПОСЕТА НА МОДУЛ 3***

***Предлог термин Јуни.2022 година***

### *СОДРЖИНА*

-Праксија.диспраксија, дијагностика и третман со сензорна интеграција

- Нарушување на вниманието и концентрацијата со хиперактивност (ADHD), дијагностика и третман со сензорна интеграција

*- Аутизам, дијагностика и третман со сензорна интеграција*

*- Потешкотии во учењето, дијагностика и третман со сензорна интеграција*

*- Церебрална парализа, дијагностика и третман со сензорна интеграција*

## *МОДУЛ 3: ПРИКАЗ И АНАЛИЗА НА СЛУЧАЈ*

***5 РАБОТНИ ДЕНА***

***Предлог термин март 2023 година***

### *СОДРЖИНА*

- Постапки за поттикнување на развој и нивно планирање, работа со родители
- Прикази на случаи

- Учесниците задолжително треба да подготват: снимка и анализа на еден случај, снимка со подучување од подрачјето на својата работа, да ги одредат целите на интервенциските постапки и програмата за работа, снимка на еден третман и контролна снимка.

***По завршување на секој модул и по трите модули се добива сертификат од страна на обучувачот.***
***Со завршување на сите три модули стручниот профил се стекнува со право на примена на принципите на сензорна интеграција во тек на својата професионална практика, без право на подучување и усовршување на трети особи за сензорно-интеграциска педагогија/***

*ИНСТРУКТОР*

**Ива Папиќ, дипл. Психолог-мастер, специјалист по клиничка психологија, инструктор за сензорно интеграциска педагогија, Марте Мео супервизор, раководител на Отсек за психосоцијална-едукативна рехабилитација на деца и млади во Заводот за физикална медицина и рехабилитација „др Мирослав Зотовиќ“ во Бања Лука. Има долгогодишно искуство во работа со деца со пречки во развојот и реализирана обука за сензорна интеграција во Македонија во текот на 2019 година.**
*ОРГАНИЗАТОР: Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ*

*УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО*
***Право на учество има секој од предходно наведените профили во содржината на оваа објава.***
***Обуката ќе биде одржана доколку се пријават најмалку 15 учесници за посета на секој од трите модули.***
***За учество на овој курс задолжителна е котизација.***
***Со оглед на сериозноста и обезбедувањето гаранција за успешност на проектот „Сензорна Интеграција“, во организација на Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ, неодложно и безусловно е почитување на условите и роковите пропишани подолу:***

*ПРИЈАВИ ЗА УЧЕСТВО*

***Бројот и големината на работните групи се строго ограничени.***

*Токму затоа бројот на учесници ќе биде лимитиран по принципот на редоследност на пријавување, и затворен по исполнување на дозволениот број.*

***Рана регистрација на учесници за пакет учество на сите три модули:***
***20.01.2022 година***

***Краен рок на регистрација на учесници за МОДУЛ 1 и пакет учество во сите три модули:***
***20.02.2022 година***

***Краен рок за учество на лица кои последователно ќе пријавуваат учество на МОДУЛ 2 и МОДУЛ 3 (важи само за лица кои веќе пријавиле учество на модул 1)***
***30.04. 2022 година***

***НАПОМЕНА: Пријавата за учество подразбира и сигурно учество на пријавениот кандидат. Невозможно е учество на некој од напредните модули доколку предходно не се посетува претходниот модул.***

***ПЛАЌАЊЕ***

***Цена за учество на сите три Модули – 55.500,00 денари***

***Цена за учество само на Модул 1 – 19.600,00 денари***

***Цените се намалуваат за 10% доколку се изврши рана уплата, односно до 30.01.2022 година (важи за модул 1, модул 2 или пакет од сите три модули). Членовите на Сојузот со подмирена членарина за периодот 2019-2021 година имаат право на 20% попуст на цената за сите три модули. Во цената е содржано: право за учество на обуката, сертификат, работни материјали, ручек и освежување во текот на паузите.***

***Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатои на своите членови им нуди можност индивидуално, согласно сопствените можности да предложат динамика на плаќање на повеќе рати, со цел што поголемо учество на овој курс. Првата рата се смета не порано од моментот на потпишување на договорот за учество, а крајниот рок на уплати на ратите не смее да биде подоцна од одржувањето на соодветниот моддул.***

***СО ПОЧИТ***

***СОЈУЗ НА СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ И РЕХАБИЛИТАТОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***